**Проф. д-р Љупчо Кеверески**
Педагошки факултет-Битола
UDK: 371.95
ISBN 978-86-7372-131-6, 16 (2011), p.315-322
Originalan naučni rad

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА - ПРЕДНОСТ ИЛИ ХЕНДИКЕП ЗА НАДАРЕНИТЕ

---

**Апстракт:** Историската анализа и реконфигурацијата на општетсвениот амбиент во концептуалните рамки на глобализацијата нуди променлива перцепција на времето и просторот.

Една од причините зошто глобализацијата постанува (о) спорен концепт е таа што не постои научна согласност за тоа кои општетсвени процеси се нејзина срж. Трудот има три теориски ориментации на елаборации и тоа: перцепцијата на неколку влијателни дефиниции на глобализацијата кои ги наведува Steger, (Steger, B. M. 2005:10), психолошките и идеолошките димензии на глобализацијата и глобализацијата како предност или хендикеп.

Глобализацијата подразбира: создавање на нови и мултиплицирање на постојната општетсвена мрежа на активности; создавање на меѓусебната зависност; интензивирање и забрзување на општетсвените промени и влијанија; врски и меѓузависност кои не се случуваат само на објективно и материјално ниво. Според Робертсон, Р. (според Steger, M. 2005:12) во неа се вклучува субјективната димензија на човечката свест; не треба да се заборави дека таа влијае врз индивудуалниот и колективниот идентитет и детерминира како светот се опсервира и доживува.

Идеолошката дименизија ја сфакаме како систем на заеднички, структурирани верувања, норми и вредности кои формираат кохерентна слика на светот, не само за тоа каков, туку каков треба да биде. Затоа често пати глобализацијата претставува јавна дебата за /за и против/ која се одвива во арената на идеологијата. Психолошките димензии ги актуелизираат персоналната автономност на индивидуата и професионалниот идентитет во глобализациониот контекст. Прашањето за тоа дали глобализацијата е предност или хендикеп за надарените во трудот ке биде теориска-емпириска синтеза на глобализациски влијанија кои го детерминираат општественият, институционалниот и индивидуалниот третман на надарените**.**

Клучни термини: глобализација, надарени, индивидуа, психолошки димензии, идеолошки димензии.

---

## Што (од) (до) несува глобализацијата?

## Воведни погледи и сфаќања на феноментот глобализацијата

Можеме да претпоставиме дека веќе и да непостои можност во креирање на некој научен или стручен труд од

било која област (економија, индустрија, полититика, образование и др.) во кој можеме да го избегнеме поимот глобализација. Се смета дека од срединаta на 1980 година глобализација преставува еден од нај цитираните поими во Social science citation index- индекси во општествените науки. Зборот глобализација за прв пат се јавува во Websterovom речник American English во 1961 година, а терминот 'глобално' и глобализам се јавува во 1940. До 1980 година поимот глобал не го означувал целиот свет, туку земјината топка. Во економска смила овој поим означува процес со со кој се наламуваат или потполно укинуваат препреките во меѓународната размена и зголемување на економската интеграција меѓу земјите. Други сметаат дека глобализацијата е социјални процес кој тежи кон сеоппфатност на светот. Пајиќ, Ж. смета дека глобализацијата е еден волшебен поим...Глобализацијата преставува проширување и продлабочување на социјалните односи и институции низ просторот и времето со секојдневни активности со случувањата од другата страна на глобусот кои имаат заеднички глобални импликации. Глобализацијата често се поистоветува со интернационализација, универзализација или процес во кој расте меѓузависноста на светот во клучните домени на животот. Robert J. Samuelson наведува дека глобализацијата на некој начин претставува поткрепа, наслонување. Ако го парафразираме сфаќањето на (Wallerstein, 1998:32) можеме да кажеме дека глобализацијата претставува во суштина идеолошка прослава на силата или преценет феномен на денешницата.

Според Roland Robertson глобализацијата претставува применет интеракција на различни облици на живеење при што се вклучува субјективната природа на човечката свест. На основа на тоа глобализацијата овозможува меѓусебна поддршка на силите помеѓу поедини земји. Забележително е дека постојат бројни дескриптивни дефиниции за глобализација во кој доминараат поимите процес, меѓузависност, глобализаам, поврзување и други.

## Глобализацијата и националниот идентитетот

Неминовно процесот на глобализација се рефлектира на позицијата и улогата на националните државни односно нивниот идентитет. Глобализацијата го редефинира

националниот суверенитет при што индивидуалните права стануваат предмет на широкиот корпус на меѓународни права (Гиденс, Е. 1999:152). Во таа смисла почнува односно настанува промена на релациите помеѓу глобализацијата и националниот идентитет, што значи градее и воспоставување на нови квалитаивни односи кои на поинаков начин ја одредуваат нивната суштина на односи.

Имајќи ги предвид сложените структурални аспекти на овие два поими можеме да кажеме дека нивната меѓусебна поврзаност, соднос и релации можеме да ги забележиме во две насоки или солуции.

Првата се однесува на приклучувањето во просперитетните развојни процеси во светот и откажување од делот т.н. национални суверинитет со прифаќање на интернационални компетициски стандарди и манири. Аналитички тетеориски и емпириски погледи на глобализацијата можеме да ги нотираме и преку сваќањето на Робетсон дека таа претставува “поврзување на различни облици на живеење“:(Robertson, 1992:27). При тоа националното почнува да се претопува во интернационалното со своевидни остатоци од националиот легитимитет.

Другата солуција се однесува на свртување кон изолационизмот и препуштање на бесперспективно национално преживување без папочната врска како што ја нарекуваат авторите на зависност од другите до себе и околу себе. Во овој контекст неизбежно се поставува прашањето кое метафорички може да се постави и набљудува, а тоа е како во совремнит свет да се задржи националниот идентитет и дискурс без видливи и базични нарушување на неговите централни постулати?

Во таа смиасла може да се каже и покрај упорнотот размислување и настојување за таквите тензденции се чини дека можностите се многу мало со оглед на големото влијание на националните посебно на интернационалните процеси за воведување на поредок според мерката на другите. Безобзирниот атак на човечките ресурси и нивно 24 (при) (од) влекување е феномен кој ја симболизира парадигмата север-југ како одраз на раслојување според сите стандарди.

### Глобализацијата и надарените и талентираните

Следењето на литературата од оваа област укажува на доминантна елаборација и опсервација на аспектите или компонентите на глобализацијата како што се: економските, политичките, социо-културните, еколошките и други. Тоа значи дека недоволно е третирано проучувањето на педагошките, психолошките и на нив слични димензии во кои се поставува личноста и нејзиното однесување, функционирање, адаптација, развој и снаоѓање.

Поради тоа во овој труд личноста односно нејзините психолошки димензии на процесите на глобализација се во фокусот кои неминовно ја актуелизираат персоналната автономност на индивидуата и професионалниот идентитет во глобализацискиот контекст. Пред се станува збор за интегритетот и идентитетот на личноста на надарените и талентираните поединци.

Во анализа и опсервација на себеснаоѓање на надарените и талентираните воглобализациски рамки тргнуваме од неколку теориски и емпириски претпоставки.

Првата се однесува на личната опсервација на надарените за сопствениот акуелен и потенцијален личен и професионален статус.

Втората се однесува на националните политики на државите во кои се наоѓаат надарените и талентираните. Со други зборови што земјата правиили треба да направи во смисла на потикнување и развој на надарените во услови на експанзија на глобализациските трендови.

Трета се однесува на конфронтацијата помеѓу желбите потребите, интересите, целите на персоналитетот на надарените и талентираните и реалните можности околности, состојби и услови кои им ги нуди земјата во кои надарените и талентрираните екзистираат

Четвртата претпоставка се однесува на разрешување на овај конфронтациски јазол во кои се прават радикални персонални и институционални решенија,одлуки и активности и започнување или помирување со сопствената (не)способност да се искористат глобализациските привилегии кога се имаат во предвит развојот на човечките ресурси.

Петтата се однесува почеток на нов идивидуален иинституционален развој со примена на адекватни стратегии концепти, стандарди и решенија. Всушност во овој дел се

превзема нов иновативен дискус на индивидуата, институциите и нациите, во кои можемеда ја вклопиме добро познатата филозофија „најголем ризик е да не се ризикува", кога се има предвид вложувањето во надарените и талентираните.
Всушност размислувањата и теоретската експликација на претпоставките го дава вертикалниот пресек на развојот и статусот на надарените во ерата на глобализацијата. Од друга страна овие претпоставки го опишуваат неопходниот курс на надарените и државите во услови кога надарените треба да одлучат меѓу себе и државата, а државата да одлучи меѓу надарените и сопствената нарцисоидност изразена преку институционалната ригидност.

**Што (од) (до) несува глобализацијата?**

Имајќи ја предвид незадржливата и по малку непредвидливата глобализациската сила и трендови можеме да претпоставиме која ќе биде цената и статусот на надарените и талентираните од земјите различни култури. Од овој наизглед конфузен наслов ќе се обидеме да направиме релативен баланс со дистинкција на позитивните и негативните импликации и нивната рефлексија врз надарените и талентираните во ерата на глобализацијата. Најнапред ќе ја дефинираме позитивната рефлексија на глобализациските трендови која пред се можемеда ја забележиме во еден турбулентен процес на размена на идеи и стоки и други матерјални и духовни вредности и продукции. Позитивните рефлексии на процесот на глобализација ќе ги сконцентрираме во можностите на индивидуата да излезе од сопствениот, личен, институционален и национален оклоп да застане и влезе во интернационалната трпеза во која може да ги провери, понуди, продаде и развие сопствените капацитети.

Всушност оваа привилегија за надарените и телентираните која ја добива или ја дава глобализацијата е прва и единствена можност и сцена надарените да ја наплатат (не)грижата на сопствената држава. За жал надарените и талентираните посебноод послабо развиените земји не ја пропуштаат премиерата во која еднаш добиваат главната улога, тоа уште повеќе значи почеток и крај на раскинување на "попочната врска" и навлегување во нова животна и професионална реалност. Исто така во овој стил ќе ја

демистифицираме и потенцијалната негативна импликација во глобализацијата, а тоа е губење или потрага по нов персонален и национален идентитет при што е извесна неизвесноста. И покрај евидентната симплификација на компликациите на глобализацијата врз надарените можеме да ја проектираме синтагмата која можеме да ја прикажеме преку конструкцијата „сопстен хедикеп-нечии успех“ и не е толку на почеток драматична. Но, ако се имаат предвид долгорочните импликации на патешествието на талентите имајќи го во предвид нивниот персонален сензибилитет тогаш со право може да се каже дека глобализацијата е предност за „некои и некогаш“.

**Заклучок**

Во нашите заклучни размислувања ќе се приклониме кон општите ставови и размислувања на еминентни автори од оваа област дека глобализацијата нема алтернатива, тогаш имплицитно се наметнува прашањето пред државите и надарените и талентираните како и на кој начин да ги искористат турбулентните глобализациски токови. При тоа можеме да констатираме дека рецептурата и формулите за „искористување“ на глобализацијата во сопствени цели е постојана енигма по која трагаат и ќе трагаат надарените и талентираните бидејќи често таа изгледа *толку блиску, а сепак далеку*.

Личната стратегија на надарените и талентираните која е испреплетена со потреби, желби, цели, емоции, компетенции, умешност да се бие и добие „битката“ со самиот себе и за себе е проверка на глобализациската сцена .

Најголемата моќ на глобализацијата е создавање на целини, а губење на делови, која може да се сфати во различен континум и симболика. Ако ја сфатиме позитивната рефлексија на оваа конструкција тоа би значело дека холистичкиот пристап и теории имаат висока цена во научната опсервација на појавите и процесите. Но, ако се имаат предвид нејзините негативни импликативни дејства тогаш губењето, раздвојувањето, отуѓувањето, дезинтеграцијата во персонална и во (интер)национална смисла претставуваат поими од кои се дистанцира современиот свет.

Оваа парадигматска игра на третирање и разгледување на релациите Глобализација-предност или хендикеп за

надарените и талентраните укажува на потреба од една компромисна формула која гласи: *глобализацијата е предност за надарените, но и надарените се предност за глобализацијата.*

**Литература:**


- Gidens, E.1998. Posledice modernosti, "Filip Višnjić", Beograd, 1998, str. 69.
- Gidens, E. 1999. The Third Way, Polity Press, Cambridge 1999, str. 152.
- Held, D. 1997. Demokratija i globalni poredak, "Filip Višnjić", Beograd, 1997, str. 116.
- Roland, R. 1968. International Systems and the Modernization of Societies. New York: Basic
- Robertson, R. 1991. The Globalization Paradigm: Thinking Globally. Pp. 207-24 in Religion and Social Order. Greenwich: JAI Press
- Robertson, R. 1992. Globalization: Social Theory and Global Culture. London: Sage
- Robertson, R. 1995a. Glocalization: Time-Space and Homogeneity-Heterogeneity. Pp. 25-44 in M. Featherstone, S. Lash, and R. Robertson (eds.), Global Modernities. London: Sage
- Robertson, R. 1995b. Theory, Specificity, Change: Emulation, Selective Incorporation and Modernization. Pp. 213-31 in Bruno Grancelli (ed.), Social Change and Modernization: Lessons from Eastern Europe
- Robertson, R. 2001. The Comparison of Comparison: On the Relationship Between the Study of the World and Comparative Analysis. Paper presented at ICIS Symposium, Emory University
- Steger, M. (2005) Globalizacija, Sahinpasić, Sarajevo
- Wallerstein, I. 1974a. The Rise and Future Demise of the World-Capitalist System: Concepts for Comparative Analysis. Comparative Studies in Society and History
- Wallerstein, I. 1974b. The Modern World-System: Capitalist Agriculture and the Origins of the European World-Economy in the Sixteenth Century. New York: Academic Press* Wallerstein, I. 1989. The Modern World-System III: The Second Era of Great Expansion of the Capitalist World-Economy, 1730-1840s. New York: Academic Press
- Wallerstein, I. 1995. After Liberalism. New York: The New Press
- Wallerstein, I. 1998. Utopistics: Or, Historical Choices of the Twenty-First Century. New York: The New Press

- Wallerstein, I. 2000. The Twentieth Century: Darkness at Noon?. Keynote address, PEWS conference, Boston
- The Globalization Website. Februar 2004. http://www.emory.edu/SOC/globalization/
- The Globalization Website. 2004. http://www.emory.edu/SOC/globalization/


